**Р Е Ф Е Р А Т**

**ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО НАСЛОВНО ЗВАЊЕ НАСЛОВЕН ДОЦЕНТ ЗА НАСТАВНО-НАУЧНА ОБЛАСТ ВОКАЛНО ПЕЕЊЕ НА МУЗИЧКА АКАДЕМИЈА ПРИ УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ ВО ШТИП**

Со Одлука бр**.** 1402 –71/11 од 20.6.2017 година донесена на седница на Наставно-научниот уметнички совет на Музичка академија, одржана на 20.6.2017 година, определени сме за членови на Рецензентска комисија за избор на еден наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област *вокално пеење* на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип. Рецензентската комисија е во состав:

– проф. м-р Борис Трајанов, вонреден професор, вработен на Музичка академија во Штип, претседател;
– проф. м-р Златка Митева, вонреден професор, вработен на Музичка академија во Штип, член;
– проф. д-р Гоце Гавриловски, вонреден професор, вработен на Музичка академија во Штип, член.

Конкурсот за овој избор беше објавен во весниците „Нова Македонија” и „Коха“ на 6.6.2017 година и во предвидениот рок се пријави само еден кандидат: м-р Марјан Николовски, оперски пејач, хонорарен професор по соло пеење.

Врз основа на приложената документација од кандидатот, чест ни е на Наставно-научниот уметнички совет на Музичката академија да му го поднесеме следниов

**И З В Е Ш Т А Ј**

***Биографски податоци***

**М-р Марјан Николовски** е роден на 15.7.1966 г. во Скопје. Своето музичко образование го започнува во средното музичко училиште „Илија Николовски-Луј“, отсек Кларинет. Во 1998 г. се запишува на Музичката академија во Скопје, отсек Соло пеење, кај проф. Милан Фирфов, но по краток период го прекинува студирањето. Во тој период конкурира во хорот на Македонската опера и балет, во хорот на Македонската радио и телевизија како и во црковниот хор во Соборниот храм. На негово огромно задоволство, е примен во сите хорови, каде што по краток период му беше понудена можноста да настапува како солист. Како солист првпат настапува во „Св. Софија“ на Охридско лето, со литургијата на Рахмањинов со хорот на МРТВ.

Во истиот период посетува и приватни часови по соло пеење кај познатиот бугарски тенор Стојан Ганчев, кој понатаму ќе придонесе за почетоците на Николовски како епизодист и солист во Македонската опера и балет. Во 1999 г. се пријавува на мастер класот кај познатите оперски пејачи и професори Мирела Паруто и Антонио Боаје, кој се одржува во Битола. По преслушувањето му беше понудено да замине во Рим, Италија, на приватно усовршување. Во 2001 и 2002 година заминува во Рим кај професорите Паруто и Боаје, а по враќањето почнува неговиот ангажман во сите оперски дела кои се на репертоарот на МОБ како солист епизодист, но и со неколку први улоги. Во 2008 г. се префрлува на Музичката академија во Штип, во класата на проф. Борис Трајанов, а во 2011 г. дипломира со просек 9,46. Како солист настапува на многу гала концерти во Македонската опера и балет, низ државата, а особено му се драги настапите на класичниот музички фестивал „Интерфест“ - Битола и настапите на Охридско лето (концерт со Борис Трајанов), потоа со улогата на Тимотеј во операта „Лидија од Македонија“ во Античкиот театар во Охрид.

Со улогата на Исмаил во операта „Набуко“ настапува во Хераклеја. По покана на Италијанската амбасада во Република Македонија, на Николовски му е укажана честа да настапи на свечениот концерт со кој е одбележана 100-годишнината од смртта на

големиот Џ. Верди. На многу концерти настапувал со проф. Милица Шперовиќ и проф. Кирил Рибарски. Во 2007 г. има свој концерт во салон 19,19.

Години station наназад учествува на Мајските оперски вечери. Во ноември 2009 г. Николовски има свој рецитал во Даут Пашин амам на Есенските музички денови. На 16 април 2010 г. е поканет да гостува со свој целовечерен концерт на Класичниот фестивал за оперски пејачи од целиот свет во Гирона, Шпанија, каде што има огромен успех. Укажана му е честа да учествува во подготовките на операта „Магбет“, која за првпат се подготвува кај нас, во главната тенорска улога Магдаф, со која се претставува во одлично светло на премиерното изведување на Мајските оперски вечери. Николовски и понатаму продолжува со неговото творење, но и со педагошка работа на Музичката академија во Штип каде што работи како хонорарен професор по соло пеење. Круна на неговото усовршување е неговото магистрирање со највисока оценка 10 во класата на м-р Весна Гиновска-Илкова, во мај 2017 година.

***Законски услови кои треба да ги исполнува кандидатот за избор во звање насловен доцент***

1. Магистратура од соодветната научна област – универзитетски студии по музичка интерпретација и композиција и магистер по музички уметности, со просек 10.
2. Дипломира на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип, на Вокално-инструменталниот оддел - дипломиран музички изведувач (Соло пеење), со просек 9,46.
3. Изведба на пет целовечерни концерти (во земјава или во странство).

| Бр. | Изведувач | Вид на концерт | Наслов на концертот | Датум на изведба на концертот |
|---|---|---|---|---|
| 1 | Марјан Николовски | Целовечерен солистички концерт (ред.бр. 10) | Концерт на Марјан Николовски во Салон 19,19 Скопје | 26.11.2007 год. |
| 2 | Марјан Николовски и Марија Вршкова | Целовечерен солистички концерт (ред.бр.11) | Концерт на Марјан Николовски во Даут Пашин амам | 23.11.2009 год. |
| 3 | Марјан Николовски и Милица Шперовиќ | Целовечерен солистички концерт (ред.бр.21) | Концерт на Марјан Николовски во Гирона - Шпанија | 16.4.2010 год. |
| 4 | Марјан Николовски | Целовечерен солистички концерт - рецитал (ред.бр.18) | Концерт – рецитал на Марјан Николовски во МОБ | 7.3.2012 год. |
| 5 | Марјан Николовски и Камерен оркестар на Битола | Целовечерен солистички концерт (ред.бр.2) | Концерт на Марјан Николовски и Камерниот оркестар на Битола – Концерт на руски арии и романси | 4.4.2016 год. |

4. Препораки од двајца вонредни професори од соодветната научно-уметничка област за која се избира.

***Наставно-образовна и научноистражувачка дејност***

Од 2015 година м-р Марјан Николовски работи како хонорарен професор на Музичката академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип и предава Соло пеење.

***Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности***

Во текот на периодот 1999 г. - 2017 г. м-р Марјан Николовски има реализирано повеќе од 120 солистички настапи во земјава и во странство. Сите настапи се соодветно документирани и верифицирани и се приложени кон апликацијата.

Кандидатот м-р Марјан Николовски има остварено три главни тенорски солистички улоги, кои биле премиерно поставени и изведени на Мајските оперски вечери во МОБ. Тој, исто така, има остварено десетина втори тенорски улоги, во кои учествува на премиерните изведби. Има остварено десетина солистички концерти во Македонија и еден целовечерен солистички концерт во Гирона – Шпанија. Како солист само во МОБ учествува на повеќе од дваесетина гала оперски концерти и на концерти, рецитали и полурецитали во траење од 20 до 60 минути. Исто така, настапува на концерти со скопски солисти, но и на бројни хуманитарни концерти. Во 2012 г. - Марјан Николовски има настап на промотивната турнеја низ Македонија со Универзитет „Гоце Делчев“.

**1999 г.**
22 мај - Травијата - МОБ , во улогата на Гастон.
28 мај - Трубадур - МОБ, во улогата на Руиз.
7 јули - Трубадур - МОБ, премиера, во улогата на Руиз.
15 јули - Трубадур - МОБ, во улогата на Руиз.
19 јули - Трубадур - МОБ, во улогата на Руиз.
5 октомври - Лучија од Ламермур - МОБ, премиера, во улогата на Артуро.
7 октомври - Лучија од Ламермур - МОБ, во улогата на Артуро.
9 октомври - Лучија од Ламермур - МОБ, во улогата на Артуро.
12 октомври - Лучија од Ламермур - МОБ, во улогата на Артуро.
16 октомври - Лучија од Ламермур - МОБ, во улогата на Артуро.
18 октомври - Лучија од Ламермур - МОБ, во улогата на Артуро.

**2000 г.**
15 мај - Гала оперски концерт - МОБ, Наполитанска канцона.
31 мај - Набуко – МОБ, премиера, во улогата на Исмаил.
22 септември - Гала оперски концерт - МОБ, арија на Андреа Шение - I акт
6 ноември - Свечено отворање на Есенски музички свечености на Дирекција за култура и уметност - *Лучија од Ламермур* - МОБ, во улогата на Артуро.
17 ноември - Лучија од Ламермур - МОБ, во улогата на Артуро.

**2001 г.**
26 март - Цар Самуил - МОБ, обнова, во улогата на Владислав.
15 мај - Риголето - МОБ, во улогата на Борса.
23 мај - Трубадур - МОБ, во улогата на Руиз.
31 мај - Аида - МОБ, во улогата на Гласникот.
21 јуни - Гала оперски концерт - МОБ, Наполитанска канцона.

**2002 г.**
20 декември - Кармен - МОБ, во улогата на Рамендадо.
23 декември - Кармен - МОБ, во улогата на Рамендадо.

**2003 г.**
4 февруари - Кармен - МОБ, во улогата на Рамендадо.
7 март - Набуко - МОБ, во улогата на Исмаил.
28 март - Кармен - гостување во Битола, во улогата на Рамендадо.
17 мај - Кармен - МОБ, во улогата на Рамендадо.
23 мај - Набуко - МОВ, во улогата на Исмаил.
23 јуни - Гала оперски концерт - Скопско културно лето во Куршумли ан - Турандот - Non piangere Liu.
2 јули - Набуко - гостување во Битола - Хераклеја, во улогата на Исмаил.
5 јули - Гала оперски концерт - гостување во Штип - LA FANCULLA DEL VEST - Ch’ella mi creda.
31 јули - Концертна изведба на фрагменти од оперите Илинден, Кузман Капидан и Разделба - за прослава на 100 години државност на Македонија.

1 август - 100 години Илинден - Концертна изведба на фрагменти од оперите Илинден, Кузман Капидан и Разделба, по повод 100 години државност на Македонија.

10 октомври - Гала оперски концерт - МОБ, по повод 11 Октомври, *Трубадур* - Ah, si ben mio.

18 октомври - Иван Сусањин - МОБ, во улогата на Гласник.

24 октомври - Кармен - МОБ, во улогата на Рамендадо.

**2005 г.**

12 јануари - Традиционален гала оперски концерт - МОБ, по повод Василица - J.S.Bach - Ave Maria.

13 јануари - Традиционален оперски концерт - МОБ, по повод Василица - J.S.Bach - Ave Maria.

21 јануари - Иван Сусањин - МОБ, во улогата на Гласник.

15 март - Кармен - МОБ, во улогата на Рамендадо.

9 мај - Лидија од Македонија - МОБ, во улогата на Тимотеј.

27 мај - Набуко - МОБ, во улогата на Исмаил.

25 ноември - Кармен - МОБ, во улогата на Рамендадо.

**2006 г.**

8 април - Набуко - МОБ, во улогата на Исмаил.

10 април - Набуко - МОБ, во улогата на Исмаил.

15 мај - Набуко - МОБ, во улогата на Исмаил.

3 октомври - Кармен - МОБ, во улогата на Рамендадо.

4 октомври - Кармен - МОБ, во улогата на Рамендадо.

21 ноември - Концерт на Македонската опера и балет по повод официјалното отворање на амбасадите на Норвешка и на Шведска - 1. Арија на A. Chenier - Colpito… Un di al azzuro ….2. Арија на Calaf - Ch'ella mi creda…3. Арија на Macduf од Операта Macbeth.

**2008 г.**

26 февруари - Лучија од Ламермур - МОБ, во улогата на Артуро.

11 април - Турандот - МОБ, во улогата на Алтоум.

25 март - Турандот - МОБ, во улогата на Алтоум.

9 мај - Цар Самуил - МОБ, во улогата на Владислав.

24 мај - Турандот - МОБ, во улогата на Алтоум.

27 мај - Лучија од Ламермур - МОБ, во улогата на Артуро.

31 мај - Аида - МОБ, во улогата на Гласник.

**2009 г.**

13 март - Аида - МОБ, во улогата на Гласник.

27 март - Набуко - МОБ, во улогата на Исмаил.

19 мај - Набуко - МОБ, во улогата на Исмаил.

31 мај - Аида – МОБ, во улогата на Гласник.

6 јули - Оперски концерт - гостување во Штип.

8 септември - Гала концерт по повод независноста на Република Македонија - МОБ - De Curtis - Torna a Surriento.

12 септември - Гала оперски концерт - гостување во Свети Николе - E.Di Capua - O sole mio.

10 октомври - Бал под маски - МОБ, во улогата на Судија.

21 ноември - Турандот - МОБ, во улогата на Алтоум.

**2010 г.**

23 јануари - Набуко - МОБ, во улогата на Исмаил.

18 мај - Турандот - МОБ, во улогата на Алтоум.

31 мај - Аида - МОБ, во улогата на Гласник.

3 декември - LA FORZA DEL DESTINO - МОБ, во улогата на Трабуко.

**2011 г.**

12 јануари - Традиционален оперски концерт по повод Василица - МОБ - Арија на Су-Чонг од операта *Земја на насмевките* од Франц Лехар.

13 јануари - Традиционален оперски концерт по повод Василица - МОБ, Арија на Су-Чонг од операта *Земја на насмевките* од Франц Лехар.

4 февруари - Турандот - МОБ, во улогата на Алтоум.

30 март - Кармен - МОБ, во улогата на Рамендадо.

14 мај - Бал под маски - МОБ, во улогата на Судија.

18 мај - Турандот - МОБ, во улогата на Алтоум.

31 мај - Аида - МОБ, во улогата на Гласник.

**2012 г.**

7 март - Рецитал на Марјан Николовски - МОБ, 1. L'ultima canzone 2. Amore e morte 3. Non t'accostare all ' urna 4. Pour un baiser 5. Nochi bezumnie 6. Niun mi tema 7. Дует на Силва и Едвин од операта *Војвотката на чардашот*.

13 мај - Турандот - МОБ, во улогата на Алтоум.

31 мај - Аида - МОБ, во улогата на Гласник.

5 октомври - Лучија од Ламермур - МОБ, во улогата на Артуро.

21 декември - Кармен - МОБ, во улогата на Рамендадо.

26 декември - Концерт - гостување во Струмица - 1. Mal d'amore 2. Non t'amo piu.

**2013 г.**

26 мај - Лучија од Ламермур - МОБ, во улогата на Артуро.

31 мај - Аида - МОБ, во улогата на Гласник.

**2014 г.**

31 јануари - Турандот - МОБ, во улогата на Алтоум.

9 мај - Симон Боканегра - МОБ, во улогата Капетан.

26 мај - Турандот - МОБ, во улогата на Алтоум.

31 мај - Аида – МОБ, во улогата на Гласник.

**2015 г.**

17 март - Андријана Лекуврер - МОБ, во улогата на Отров.

9 мај - Магбет - МОБ, во улогата на Макдаф.

31 мај - Аида – МОБ, во улогата на Гласник.

**2016 г.**

8 март - За Дамата - МОБ - Гала оперски концерт.

25 март - Турандот - МОБ, премиера, во улогата на Алтоум.

26 мај - Турандот - МОБ, во улогата на Алтоум.

31 мај - Аида - МОБ, во улогата на Гласник.

4 октомври - Магбет - МОБ, во улогата на Макдаф.

12 октомври - Магбет - МОБ, во улогата на Макдаф.

18 октомври - Турандот - МОБ, во улогата на Алтоум.

10 декември - Лучија од Ламермур - МОБ, во улогата на Артуро.

**2017 г.**

12 април - Турандот - МОБ, во улогата на Алтоум.

31 мај - Аида – МОБ, во улогата на Гласник.

## ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ

Од целокупната детално наведена професионална активност на кандидатот м-р Марјан Николовски се заклучува дека ги исполнува сите предвидени услови за избор во звање наставник во насловно звање насловен доцент за наставно-научната област *вокално пеење* на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип, согласно со Законот за високо образование на Република Македонија и Правилникот за критериуми и постапката за избор во наставно- научни, наставно-стручни и соработнички звања на Универзитетот „Гоце Делчев“ во Штип.

Кандидатот преку остварените досегашни активности покажа спсобности за развивање на наставно-образовна дејност, за стручно-уметнички активности преку активно концертирање и оперски изведби, како и организациско-развојни дејности на Универзитетот „Гоце Делчев“ - Штип. За овој период веќе има еден дипломиран студент.

Поради претходно наведеното, чест ни е како Рецензентска комисија да му предложиме на Наставно-научниот уметнички совет да го усвои нашиот предлог и го избере кандидатот м-р Марјан Николовски во звање насловен доцент за наставно-научната област *вокално пеење* на Музичка академија при Универзитет „Гоце Делчев“ во Штип.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**М-р Борис Трајанов, редовен професор с.р.**
**М-р Златка Митева, вонреден професор, с.р.**
**Д-р Гоце Гавриловски, вонреден професор, с.р.**

## ТАБЕЛА НА АКТИВНОСТИ КОИ СЕ БОДУВААТ ПРИ ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ

| Р. бр. | Научноистражувачка дејност и стручно-уметнички активности | Поени | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | Во земјава | | Во странство | | |
| | | број | поени | број | поени | Вкупно |
| **6.** | Пленарно предавање на научен собир, музички настап на официјален концерт 140 (120 оперски претстави, 17 концерти во Македонија, 3 концерти во странство) | 140 | 3 | 2 | 6 | **432** |
| **11.** | Одбранет магистерски труд | 1 | 4 | | | 4 |
| **22.** | Студиски престој во странство | 1 | 8 | | | 8 |
| | **ВКУПНО** | | | | | **444** |
| | **ВКУПНО БОДОВИ ОД СИТЕ ОБЛАСТИ** | | | | | **444** |